# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

**на**

**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ**
**за период**

**Од 01.01- 30.09.2022 година**

**Октомври, 2022 година**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-10623/1
Дата, Data 25-10-2022
СКОПЈЕ - SHKUP



# 1.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ

## 1.1. ПРАВЕН СТАТУС

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец, во повеќе посебни претпријатија, заведено под број 02-8800/7 од 08.10.1992 година. Врз основа на наведената одлука, извршено е регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, со решение под бр. 1660/92 од 29.12.1992 година.
Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје, донесе Статут заведен под бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018 година, за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на Град Скопје.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е заведено во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1, според решение, П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и изврши усогласување со Законот за јавни претпријатија, со решение трег бр. 6432/99 од 15.10.2001 година, со што е извршено усогласување на основните акти на Јавното Претпријатие со Законот за јавни претпријатија.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е основано од страна на Градот Скопје.

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје се:

- Управен одбор составен од 13(тринаесет) члена, со мандат од 4(четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;
- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 5(пет) члена, со мандат од 4(четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;
- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.2 ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје врши дејност согласно последното усогласување со националната класификација на дејности и тоа:

Основна дејност на Претпријатието е:
36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
  36.0  Собирање, обработка и снабдување со вода
  36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

37 ***Отстранување на отпадни води***
  37.0  Отстранување на отпадни води
  37.00 Отстранување на отпадни води

Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:

43.2 ***Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни работи***
43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација, плин и инсталации за греење и клима уреди

71 ***Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа***
71.1 Архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување
71.11 Архитектонски дејности
71.12 Инженерство и со него поврзано техничко испитување

71.2 ***Техничко испитување и анализа***
71.20 Техничко испитување и анализа

## 1.3 ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје , се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост , стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот ;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно , уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност , еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Претпријатието се организира во следните организациони единици :

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод;
- Сектор Канализација;
- Сектор Механизација;
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети;
- Сектор Третман на отпадни води;
- Сектор за Технички работи и развој;
- Сектор Финансии, сметководство и комерција;
- Сектор Правни и општи работи;
- Сектор Наплата;
- Сектор Човечки ресурси;
- Сектор Меѓународна соработка,проекти и односи со јавност;
- Сектор за ИТ и развој ;
- Сектор Дежурно информативни работи;
- Сектор Санитарна контрола;

**Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за професионална одговорност;
- Одделение за јавни набавки.

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија , а во состав на одделенијата во завосност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици- реони, пунктови и/или оддели.

ЈП Водовод и канализација - Скопје е субјект кој обезбедува единствено услуги поврзани со вода - водоснабдување и одведување на урбани отпадни води во градот и голем број на приградски населби . Во периодот 01.01- 30.09.2022 година , согласно пропишаниот квалитет на водата градот е уредно снабдуван со вода и немало поголеми проблеми во водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води .

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје активностите ги извршува преку следните сметки, на ниво на правно лице:

| бр.на жиро сметка | *Депонент банка* |
|---|---|
| 300000000536834 | Комерцијална банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 300000002626311 | Комерцијална банка - Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| 300000002641249 | Комерцијална банка - Наменска сметка за прием на депозит за учество на тендер |
| 300000004443024 | Комерцијална банка - Наменска сметка за субвенции |
| 300000003801854 | Комерцијална банка - Наменска сметка за деловни потреби |
| 300000003904480 | Комерцијална банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| 0-270100107578 | Комерцијална банка - девизна |
| 320000000070040 | Централна Кооперативна банка- Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 210045289990132 | Тутунска банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 210045289990811 | Тутунска банка- Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| 200001170462617 | Стопанска банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 200002931409250 | Стопанска банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| 500000000729467 | Стопанска банка АД Битола - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 240000117051481 | Уни банка - Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| 240010000862407 | Уни банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 240010104414563 | Уни банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| 250028000016522 | Шпаркасе банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 250001002678247 | Шпаркасе банка - Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| 250101000435893 | Шпаркасе банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| 270045289990139 | Халк банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| 270045289990333 | Халк наменска банка-услуги од граѓани-фолио број |

## 1.4. РАБОТНА РАКА

Вкупниот број на вработени во ЈП Водовод и Канализација - Скопје по кадрова евиденција со состојба 30.09.2022 година износува 1.158 работници , споредени со состојба на 30.09.2021 година од 1.240 работници , покажува намалување од 6,61 %.

Просечниот број на вработени по работни места за разгледуваниот период во 2022 година изнесува 1.192 работници, а споредено со 2021 година помалку за 2,05 % кога бројот на просечно вработени изнесувал 1.217 работници.

За периодот 01-09/2022 година просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во апсолутен износ изнесува 1.212 работника или за 2,42 % помалку од 01-09/2021 година, кога просечниот број на вработени врз основа на часови на работа изнесуваше 1.242.

**Работници ангажирани преку АПВ**

Покрај редовно вработените во ЈП Водовод и канализација Скопје се вработени и работници ангажирани преку АПВ (Агенции за привремени вработувања). Просечниот број на вработени за разгледуваниот период 01.01-30.09.2022 година изнесува 78 работници, или за 8,33 % повеќе во однос на истиот период во 2021 година кога бројот изнесува 72 работника.

## 2. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

За период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година ЈП Водовод и канализација – Скопје искажува негативен финансиски резултат загуба од редовното работење пред оданочување во износ од - 685,019 денари. Согласно Закон за данок од добивка (Службен весник на РМ бр.112/14) данокот од добивка се пресметува врз основа на добивката утврдена во даночниот биланс зголемена за непризнаени расходи за даночни цели и истиот период од 01-09.2022 година искажан во даночниот биланс изнесува 16,919,874 денари пресметан врз основа на непризнаени раходи за даночни цели по даночна стапка од 10%. Остварената загуба по оданочување изнесува **-17,604,893** денари.

| *Р.б.* | *Назив* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи | 1,253,964,946 | 1,187,870,769 | 5.56 |
| 2 | Вкупни расходи | 1,254,649,965 | 1,108,584,126 | 13.18 |
| 3 | Добивка/Загуба пред одданочување | -685,019 | 79,286,643 | / |
| 4 | Данок на добивка | 16,919,874 | 20,252,785 | / |
| 5 | ***Нето Добивка/Загуба по одданочување*** | ***-17,604,893*** | ***59,033,858*** | / |

Структура учеството на приходите и расходите по видови во вкупните приходи и расходи за период 01-09/2022 споредено со 01-09/2021:

## Приходи 01-09/2022 и 01-09/2021 година

| Рб | Назив | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи и услуги | 1,120,529,033 | 89.36 | 1,070,572,001 | 90.13 |
| 2 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 16,954,646 | 1.35 | 6,005,259 | 0.51 |
| 3 | Приходи по основ на камати, курсни разлики и сл. приходи од работењето со неповрзани субјекти | 7,958,378 | 0.63 | 5,998,515 | 0.50 |
| 4 | Приходи од главен долг | 64,871,364 | 5.17 | 63,563,180 | 5.35 |
| 5 | Приходи од наплатени застарени побарувања | 3,239,168 | 0.26 | 3,628,782 | 0.31 |
| 6 | Приходи од наплатени нотарски и судски трошоци | 15,133,262 | 1.21 | 15,549,655 | 1.31 |
| 7 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 69,070 | 0.01 | 204,315 | 0.02 |
| 8 | Останати приходи | 9,625,807 | 1.24 | 1,697,705 | 1.18 |
| 9 | Приходи по основ на донации | 15,584,218 | 1.24 | 13,118,357 | 1.10 |
| 10 | Приходи од ефект на заштита од ризик | 0 | 0.00 | 7,533,000 | 0.63 |
|  | *Вкупно:* | *1,253,964,946* | *100%* | *1,187,870,769* | *100%* |

## Расходи 01-09/2022 и 01-09/2021 година

| Рб | Назив | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 216,486,988 | 17.25 | 143,941,713 | 12.98 |
| 2 | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 494,904 | 0.04 | 230,566 | 0.02 |
| 3 | Трошоци за вработени | 482,895,026 | 38.49 | 455,952,311 | 41.13 |
| 4 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 55,161,618 | 4.40 | 65,753,254 | 5.93 |
| 5 | Останати трошоци од работењето | 79,670,001 | 6.35 | 81,899,667 | 7.39 |
| 6 | Амортизација | 181,457,463 | 14.46 | 170,235,429 | 15.36 |
| 7 | Вредносно усогласување на побарувањата | 220,349,639 | 17.56 | 174,401,769 | 15.73 |
| 8 | Останати расходи од работењето | 12,701,117 | 1.01 | 8,311,580 | 0.75 |
| 9 | Финансиски расходи | 4,781,695 | 0.38 | 6,928,786 | 0.63 |
| 10 | Курсна разлика | 36 | 0.00 | 111 | / |
| 11 | Останати финансиски расходи | 651,478 | 0.05 | 928,940 | 0.08 |
|  | *Вкупно:* | *1,254,649,965* | *100%* | *1,108,584,126* | *100%* |

Напомена: Индексите во сите табели дадени по основ на анализата на билансот на успех пресметувани се на база на споредба на конкретните позиции (приходи и расходи) во релативен соднос со групата во која што конкретно се наоѓаат (приходите и расходите).

## 2.1. БИЛАНС НА УСПЕХ

За период од 01.01-30.09.2022 година, спореден со период од 01.01-30.09.2021 година

| Р.б. | Позиции | АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тековна година 01-09.2022 | Претходна година 01-09.2021 |
| 1 | **I ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | **201** | **1,246,006,568** | **1,181,872,254** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 1,120,529,033 | 1,070,572,001 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 108,522,889 | 105,294,994 |
| 5 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 16,954,646 | 6,005,259 |
| 6 | **II РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)** | **207** | **1,249,216,756** | **1,100,726,289** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 216,486,988 | 143,941,713 |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | 494,904 | 230,566 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 55,161,618 | 65,753,254 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 79,670,001 | 81,899,667 |
| 12 | Трошоци за вработените (214+215+216+217) | 213 | 482,895,026 | 455,952,311 |
| 12-а | Плати и надоместоци на плата (нето) | 214 | 305,013,413 | 298,654,227 |
| 12-б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 23,493,442 | 23,001,036 |
| 12-в | Придонес од задолжително социјално осигурување | 216 | 132,315,069 | 129,656,974 |
| 12-г | Останати трошоци за вработените | 217 | 22,073,102 | 4,640,074 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 218 | 181,457,463 | 170,235,429 |
| 15 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 220 | 220,349,639 | 174,401,769 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 12,701,117 | 8,311,580 |
| 18 | **III ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | **223** | **7,958,378** | **5,998,515** |
| | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва** | **224** | **0** | **/** |
| 21 | Приходи по основ на камати од работењето со неповрзани друштва | 230 | 7,958,378 | 5,998,515 |
| | Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 231 | 0 | 0 |
| 25 | **IV ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **234** | **5,433,209** | **7,857,837** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **(235+239+240+241+242+243)** | | | |
| 27 | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 4,781,695 | 6,928,786 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 240 | 36 | 111 |
| 31 | Останати финансиски расходи | 243 | 651,478 | 928,940 |
| 34 | **Добивка од редовно работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)** | **246** | **685,019** | **79,286,643** |
| 35 | **Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+224)** | **247** | | **/** |
| 39 | Добивка пред оданочување(246+248) или (246-249- | 250 | 685,019 | 79,286,643 |
| 40 | Данок на добивка | 252 | 16,919,874 | 20,252,785 |
| 43 | **Нето добивка за деловната година (250-252+253-254)** | **255** | | **59,033,858** |
| 44 | **Нето загуба за деловната година (251+252-253+254)** | **256** | **17,604,893** | **/** |
| | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 1212 | 1242 |
| | Број на месеци на работење | 258 | 9 | 9 |

Во продолжение расчленети се сите приходи и расходи по категории, нивната структура споредени со истиот период од минатата година, причините кои влијаеле на нивната големина и идејните планови и стратегии на Претпријатието, за задржување на позитивните трендови и надминување на негативните влијанија.

## I. Приходи од работењето

### 1. Приходи од продажба

| Рб | Конто | Елементи | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 1,120,425,841 | 99.99 | 1,070,507,516 | 99.99 | 4.66 |
| 2 | 742 | Приходи од продажба на услуги во странство | 57,814 | 0.01 | 19,107 | 0.00 | / |
| 3 | 747 | Приходи од наемнини | 45,378 | 0.00 | 45,378 | 0.00 | / |
| | | *Вкупно:* | ***1,120,529,033*** | ***100%*** | ***1,070,572,001*** | ***100%*** | **4.67** |

Приходите од продажба по категории поделени се на приходи од продажба на вода (по категорија на корисници), извршени услуги и манипулативни трошоци за домаќинство и стопанст во се презентирани во следнава табела:

| Р.б. | Приходи од продажба | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од вода** | **1,090,614,959** | **97.33** | **1,041,050,917** | **97.24** | **4.76** |
| | -приходи од продажба на вода домаќинство | 683,874,327 | 61.03 | 652,389,279 | 60.94 | 4.83 |
| | -приходи од продажба на вода стопанство | 406,740,632 | 36.30 | 388,661,638 | 36.30 | 4.65 |
| 2 | **Приходи од манипулативни трошоци** | **648,635** | **0.06** | **479,354** | **0.04** | **35.31** |
| 3 | **Приходи од услуги** (приклучоци,хидротехнички услови, отпушување канализација, испитување и поправка на водомери) | **13,714,713** | **1.22** | **14,267,869** | **1.33** | **-3.88** |
| 4 | **Приходи од услуги на поврзани субјекти** (услуги за ЈП Комунална Хигиена Скопје и ЈП Паркови и зеленило Скопје) | **15,447,534** | **1.38** | **14,709,376** | **1.37** | **5.02** |
| 5 | **Приходи од продажба на услуги во странство** | **57,814** | **0.01** | **19,107** | **0.00** | **/** |
| 6 | **Приходи од наемнини** | **45,378** | **0.00** | **45,378** | **0.00** | **/** |
| | ***Приходи од редовно работење*** | ***1,120,529,033*** | ***100%*** | ***1,070,572,001*** | ***100%*** | **4.67** |

Приходите од продажба учествуваат со 89.35% во приходите од работењето остварен за период од 01-09/2022 година, додека пак приходите од продажба на вода и отпадна вода учествуваат со 86,97 % во вкупниот приход од продажба остварен за период од 01-09/2022 година и истиот е зголемен за 4,76 % во однос на предходниот анализиран период, односно во апсолутна бројка **зголемувањето е во износ од 49,564,042.00 денари** во однос на истиот период од 2021 година.

Во период од 01-09/2022 година кај категоријата домаќинство приходите од продажба на вода и отпадна вода бележат :

- зголемување на приходите од продажба на вода , отпадна вода и прочистување на отпадни води кај категоријата домаќинство за 4,83% во однос на периодот 01-09/2021 година или зголемување во износ од **31,485,048.00 денари**
- зголемување на приходите од продажба на вода , отпадна вода и прочистување на отпадни води кај категоријата стопанство за 6,65 % во однос на периодот 01-09/2021 година, или во износ од **18,078,994.00 денари**

**Преглед на фактурирана вода и отпадни води во м3 по категорија на корисници од 01.01-30.09.2022 година:**

| *Категорија на потрошувачи* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| **Домаќинство** | | | |
| Водоснабдување | 22,151,942 | 22,041,636 | 0.50 |
| Одведување на отпадни води | 19,066,772 | 18,721,934 | 1.84 |
| Прочистување | 19,066,772 | 18,721,934 | 1.84 |
| **Стопанство** | | | |
| Водоснабдување | 8,722,224 | 9,010,750 | -3.20 |
| Одведување на отпадни води | 5,354,839 | 5,610,992 | -4.57 |
| Прочистување | 5,354,839 | 5,610,992 | -4.57 |
| ***Вкупно Водоснабдување*** | ***30,874,166*** | ***31,052,386*** | **-0.57** |
| ***Вкупно Одведување на отпадни води*** | ***24,421,611*** | ***24,332,926*** | **0.36** |
| ***Вкупно Прочистување*** | ***24,421,611*** | ***24,332,926*** | **0.36** |

***Во период од 01-09/2022 година вкупно фактурирана реализација во м3 за вода е 30,874,166 м3 , вкупно фактурирана реализација во м3 за отпадни води е 24,421,611 м3 и прочистување на отпадни води 24,421,611 м3,***

***Во период од 01-09/2022 година кај категоријата домаќинство фактурирана реализација во м3 за вода е* 22,151,942 *м3 , отпадни води* 19,066,772 *м3 и прочистување на отпадни води* 19,066,772 м3.**

***Во период од 01-09/2022 година кај категоријата стопанство фактурирана реализација во м3 за вода е 8,722,224 м3 , отпадни води 5,354,839 м3 и прочистување на отпадни води 5,354,839 м3.***

Во вкупната наплата е содржана наплатата од побарувањето за тековната година во период 01-09/2022 година и побарувањето од купувачите од предходните години , но фактурирањето се однесува само на тековната година .

Приливот на средства во претпријатието за водни услуги за анализираниот период по категории на корисници даден е во следниот преглед:

| *Категорија на потрошувачи* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Домаќинство | 443,052,755 | 436,309,105 | +1,55 |
| Стопанство | 283,469,671 | 248,555,707 | +14,05 |
| Вкупно | **726,522,426** | **684,864,812** | **+6,08** |

Зголемувањето на приливот на средствата кај категоријата **домаќинство** е резултат на зголемена наплата на редовните и на тужените побарувања , наплата на редовните побарувања е зголемена (во 2022 год., износ од 386,299,270.00 ден., во 2021 год., износ од 380,699,715.00 ден.) и за тужените побарувања наплатата е зголемена (за 2022 год., на износ од 56,753,485,00 денари, во 2021 год., 55,609,390,00 ден.) или зголемување на вкупно наплатен износ од 1,55% (вкупно **6,743,650.00 ден**.).

***Домаќинство:***

| *Опис* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Редовни сметки | 386,299,270 | 380,699,715 | +1,47 |
| Тужени сметки | 56,753,485 | 55,609,390 | +2,06 |
| **Вкупно** | **443,052,755** | **436,309,105** | **+1,55** |

Кај категоријата **стопанство** приливот на средствата за редовните и за тужените побарувања се зголемени за 14,05 % , односно зголемувањето на вкупно наплатен износ во категорија стопанство **34,913,964,00 денари**. Во овој сегмент е зголемувањето во наплатата во делот на редовни побарувања е од 14,44%, а во делот на тужените побарувања зголемување од 1,95%.

***Стопанство:***

| *Опис* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Редовни сметки | 275,403,749 | 240,644,329 | +14,44 |
| Тужени сметки | 8,065,922 | 7,911,378 | +1,95 |
| **Вкупно** | **283,469,671** | **248,555,707** | **+14,05** |

## Останати приходи

| Р б | конто | Елементи | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 76501 | Приход од наплатен главен долг<br>(домаќинство: 2022- 56.753.485. ; кривичен главен долг 51.957 домаќинство: 2021- 55.609.390. ; кривичен главен долг 42.411, стопанство 2022 -8.065.922 во 2021- 7.911.378, 2020- 14.321.153, ) | 64,871,364 | 59.78 | 63,563,180 | 60.37 | 2.06 |
| 2 | 76502 | Приходи од наплатени нотарски и сл.трошоци | 15,133,262 | 13.94 | 15,549,655 | 14.77 | -2.68 |
| 3 | 7651, 7652 | Приходи од наплата на отпишани сметки | 69,070 | 0.06 | 204,315 | 0.19 | -66.19 |
| 4 | 76503 765063 765630 | Приход по основ наплатени застарени побарувања | 3,239,168 | 2.98 | 3,628,782 | 3.45 | -10.74 |
| | | ***Вкупно***<br>***(конто 765-Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски)*** | ***83,312,864*** | ***76.77*** | ***82,945,932*** | ***7.88*** | ***0.44*** |
| 5 | ***767*** | ***Приход по основ на субвенции*** | ***0*** | ***0.00*** | ***7,533,000*** | | ***0.00*** |
| 6 | 76992 | Приход по основ на примени донации | 15,584,218 | 14.36 | 13,118,357 | 12.46 | 18.80 |
| 7 | 769 | Останати приходи<br>(наплатени штети за уништен имот осигурување ; приходи од одморалишта и други приходи од минати години) | 9,625,807 | 8.87 | 1,697,705 | 1.61 | |
| | | ***Вкупно***<br>***(конто 769-Останати приходи од работењето*** | ***25,210,025*** | ***23.23*** | ***14,816,062*** | ***14.07*** | ***70.15*** |
| | | ***Вкупно останати приходи*** | ***108,522,889*** | ***100%*** | ***105,294,994*** | ***100%*** | ***3.07*** |

Останатите деловни приходи се збир на наплатени приходи од (конто 765) наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски;(конто 766) -приходи од ефект од заштита од ризик од неповрзани друштва; (конто 769) и други останати приходи од работењето. Останатите деловни приходи во вкупниот приход од работењето на претпријатието учествуваат со 8,65% и истите за периодот 01-09/2022 година бележат зголемување од 3,07% во однос на истиот период од минатата година.

Во приходи од наплатени отпишани побарувања учество имаат приходите за наплатен: главен долг , судски и нотарски трошоци , камата од тужени сметки и наплатените отпишани побарувања и истите **бележат зголемување во периодот од 01-09/2022 за 0,44% или во апсолутна бројка износ од 366,932 денари** во однос на предходниот анализиран период од 2021 година.

Во рамките на ***конто 765*** - Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски, учество имаат приходите за наплатен: главен долг, судски и нотарски трошоци и камата од тужени сметки и наплатените отпишани побарувања. **За периодот од 01-09/2022 година значителен процент отпаѓа на приходите од главен долг по тужби од домаќинства и стопанство, во висина од 64,871,364 денари, споредено со 63,563,180 денари за период 01-09/2021 година**. Приходите од наплатени нотарски и судски трошоци за периодот од 01-09/2022 година се во висина од 15,133,262 денари, споредено со 15,549,655 денари за периодот од 01-09/2021 година.

Во рамките на ***конто 769*** - Останати приходи од работењето евидентирани се: приходите од пресметана амортизација по основ на донации за преотстапени средства, која иако е трошок во дадениот период, во исто време се искажува како приход бидејќи се работи за донација, во износ од 15,584,218 денари; приход остварен од наплатени штети за уништен имот; приход по основ на казни, пенали од вработените; приход од користење на сопствените одмаралишта и други приходи од минати години. Приходите на контото 769 за деветте месеци од тековната година бележат зголемување од 70,15% во однос на истиот период од минатата година.

**Вкупен износ на останатите приходи** - во анализираниот период од тековната година, **бележат зголемување** од 3,07% или зголемување во висина од 3,227,895.00 денари споредено со истиот период од минатата година.

## 3.Капитализирано сопствено производство и услуги

| *Рб* | *Конто* | *Елементи* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7450 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 16,954,646 | 6,005,259 | +2.82 пати |
| | | ***Вкупно:*** | ***16,954,646*** | ***6,005,259*** | **+2.82 пати** |

Во период од 01-09.2022 година ЈП Водовод и канализација - Скопје во сопствена режија реконструираше водоводни мрежи, за што всушност се искажани приходи за капитализирано сопствено производство.

Согласно МСС 16 „*Набавната вредност на средствата кои се произведуваат во сопствена режија се утврдува со користење на истите принципи како и за стекнување на средството„. Капитализираните сопствено создадени добра се евидентираат на приходи врз основа на употреба на сопствените добра, а издатоците за создавање на употребната вредност истовремено се евидентира и како трошок за создавање на добрата.*

Преглед на реконструкција на мрежи во сопствена изведба 01-09.2022:

| Рб | Сектор Водовод | 01-09.2022 |
|---|---|---|
| 1 | Кружно поврзување од стара на нова водоводна мрежа по ул.Депа Кавајова-бб,Ѓ.Петров | 119,235.00 |
| 2 | Доповрзување на водоводна мрежа ул.„Виктор Ивановиќ Глигоровиќ„ бб - нас. Пржино | 168,495.00 |
| 3 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.„Партеније Зографски„ бб - Центар | 231,703.00 |
| 4 | Продолжување на постоечка водоводна мрежа по дел од ул.„6„ бб - с.Бардовци | 472,468.00 |
| 5 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.„ Дижонска„ - крак 1 - нас.Чаир | 1,165,070.00 |
| 6 | Реконструкција на водоводна мрежа ул „1" ББ село Глумово(над џамија) | 203,800.00 |
| 7 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.„Козле" 2 -нас.Козле | 523,896.00 |
| 8 | Реконструкција на водоводна мрежа на висока зона ул.Козле крак 1-средно Нерези | 2,368,129.00 |
| 9 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Серава (крак до зграда на Буши)-Чаир | 881,251.00 |
| 10 | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Козле 1-средно Нерези - 2 фаза | 414,640.00 |
| 11 | Монтажа на водомери-парковска мрежа-ул.кеј 13 ти Ноември-дрворед | 3,091.00 |
| 12 | Реконструкција на водоводна мрежа Новопрпектирана улица - село Бардовци | 1,039,646.00 |
| 13 | Реконструкција на водоводна мрежа по крак од ул.Ацо Шопов (новопроектирана) - Карпош | 657,392.00 |
| 14 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Борис Сарафов бб - нас. Ѓорче Петров | 323,685.00 |
| 15 | Доповрзување на водоводна мрежа по дел од ул.Ратко Митровиќ и по дел лев брег на река мала Рада со ул.Сердарот,населба Драчево | 1,263,749.00 |
| 16 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.„Македонско-Косовска бригада„ - Чаир | 541,125.00 |
| 17 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Дижонска - крак 13-општина Чаир | 1,983,364.00 |
| 18 | Реконструкција на водоводна мрежа на бул.АСНОМ (на паркинг до хотел Русија)-населба Аеродром | 370,590.00 |
| 19 | Реконструкција на приклучоци по дел од ул.Јуриј Гагарин и ул.Кораб - нас.Козле | 127,913.00 |
| 20 | Изведба на водоводна мрежа - локалитет Момин Поток | 2,140,248.00 |
| 21 | Реконструкција на водоводна мрежа ф90 ул.Саса бр.32-Пинтија,Кисела Вода | 114,535.00 |
| 22 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Христо Татарчев ББ-Кисела Вода | 554,920.00 |
| 23 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Дримкол бб - населба Чаир | 892,836.00 |
| 24 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.јужноморавски бригади бр.4б-Сингелиќ | 35,877.00 |
| 25 | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Иван Козаров | 192,183.00 |
| 26 | Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Црвена Прст и ул. 10 - сопиште | 14,826.00 |
| 27 | Реконструкција на водоводна мрежа на ул. 1 бб - село Рашче ( под резервоар ) | 245,057.00 |
| | **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **17,049,724.00** |

## *II.Расходи од работењето*

### 1. Трошоци за суровини и други материјали

| Рб | Елементи | Конто | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр. | Инд . |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Трошоци за канцелариски материјал, тонери кертрици,компјутерска галантерија | 4010, 40101 | 984,868 | 0.45 | 1,235,692 | 0.86 | -20.30 |
| | Трошоци за суровини и материјали-градежна чистење и одржување | 40109 ,4012 | 1,348,456 | 0.62 | 1,371,807 | 0.95 | -1.70 |
| | Трошоци за материјал за тековно одржување | 40110 ,40111 | 14,898,582 | 6.88 | 13,373,276 | 9.29 | 11.41 |
| | Трошоци за хлор и натриум | 40113 | 2,295,237 | 1.06 | 1,442,650 | 1.00 | 59.10 |
| | Трошоци за униформи, други работни одела и ХТЗ опрема | 4014 | 3,820,926 | 1.76 | 3,776,154 | 2.62 | 1.19 |
| | Потрошени средства за заштита при работа | 4016 | 0 | 0.00 | 7,200 | 0.01 | / |
| 1 | ***Трошоци за материјали*** | ***401*** | ***23,348,069*** | ***10.78*** | ***21,206,779*** | **14.73** | **10.10** |
| 2 | ***Трошоци за енергија*** | ***403*** | ***147,267,577*** | ***68.03*** | ***88,665,689*** | **61.60** | **66.09** |
| 3 | ***Трошоци за резервни делови и материјали за одржување*** | ***405*** | ***34,415,099*** | ***15.90*** | ***22,242,017*** | **15.45** | **54.73** |
| 4 | ***Отпис на ситен инвентар,амбалажа и автогуми*** | ***408*** | ***11,456,242*** | ***5.29*** | ***11,827,228*** | **8.22** | **-3.14** |
| | ***Вкупно:*** | | ***216,486,987*** | ***100%*** | ***143,941,713*** | ***100%*** | **50.40** |

Трошоците за суровини и други материјали учествуваат со 17,25% во вкупните расходи на претпријатието и истите за периодот од 01-09/2022 година се зголемени во однос на истиот период од минатата година , зголемувањето е за 50,40% воглавно се должи на зголемен трошок за енергија. Во рамките на оваа група на расходи спаѓаат трошоците за: материјали (конто 401); енергија (конто 403); резервни делови и материјали за одржување (конто 405); како и отпис на ситен инвентар, амбалажа и авто гуми (конто 408).

***Трошоците за материјали(конто 401)*** ги опфаќаат трошоците за материјали редовно работење и за тековно одржување на водоводната инфраструктура, пумпни и хидрофорски станици, лабараторија, машинобраварска работилница, (во најголем дел, трошоци ХТЗ опрема униформи и други работни одела и обувки и сл.материјал, трошоци за градежните материјали од градежната група од Сектор ЕОК кои се користат за одржување на објектите на претпријатието, потрошокот на канцелариски материјали и сл.материјали.)
Овие трошоци за периодот од 01-09/2022 бележат зголемување од 10,10% во споредба со истиот период од 2021 година, во анализираниот период се бележи зголемување Трошоци за материјал за тековно одржување и зголемен трошок за хлор и натријум, (за 2022 год. 2,295,237.00 ден., 2021 год. 1,442,650.00 ден.,.) , се бележи намалување на трошоците на канцелариски материјал, тонери кертрици, компјутерска галантерија (за 2022 год. 984,868,00 ден., 2021 год. 1,235,692,00 ден.,.)

***Трошоци за енергија (конто 403),*** ги опфаќа: потрошената електрична енергија, бензин, парно и струја, истите учествуваат со 68,03% во вкупните трошоци за суровини и други материјали, а во вкупните расходи на претпријатието учествуваат со 11,74%.

Кај трошоците за енергија забележано е зголемување од 66,09% во однос на периодот од 01-09/2021 година.

Во следниов преглед даден е приказ на потрошената енергија по категории:

| *Рб* | *Потрошена енергија* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошена електрична енергија | 134,192,442 | 79,561,828 | 68.66 |
| 2 | Потрошена нафта | 9,032,472 | 5,648,062 | 59.92 |
| 3 | Потрошен бензин | 1,247,237 | 788,587 | 58.16 |
| 4 | Друг вид енергија (парно, плин, нафта за греење,уље) | 2,795,426 | 2,667,212 | 4.81 |
| | ***Вкупно:*** | ***147,267,577*** | ***88,665,689*** | **66.09** |

Во периодот од 01-09/2022 година потрошени се 17 141 232 KWh електрична енергија што компарирано со истиот период во 2021 година покажува зголемување за 217 554 KWh .Трошокот за електрична енергија во KWh од 01-09/2022 година има зголемување од 1.29 % во однос на истиот период за 2021 година

Кај потрошокот за нафта се забележува зголемување од 59.92% и потрошокот на бензин бележи зголемување од 58.16%. Другиот вид на енергија кој го опфаќа потрошокот за нафта за греење, плин, оксигенски боци и парно и истиот бележи зголемување од 4,81%. Во овој трошок најголем процент отпаѓа на трошокот за парно греење и потрошокот за нафта за загревање.

***Трошок за Резервни делови (конто 405),*** бележи зголемување за 54,73% во однос на периодот од 01-09/2021 година и се однесува на употребените залихи од магацините издадени резервни делови од магацин за тековно одржување на средствата за работа и резервни делови за инвестиционо одржување за реконструкција за тековната година (за тековно и инвестиционо одржување на водоводна и канализациона мрежа, за потрошени резервни делови за поправка на водомери во водомерна лабараторија за замена на закочените водомери) . Издадени резервни делови од магацин за тековно одржување во висина од 15,026,752.00 денари (овде влегуваат резервни делови за поправка на улични дефекти на водоводни мрежи), трошок за резервни делови за инвестиционо одржување на водоводни мрежи во висина од 16,954,646.00 денари и трошок за резервни делови вградени во возила во висина од 2,433,700.00 денари).

***Отпис на ситен инвентар (конто 408)***, согласно важечките сметководствени политики усвоени од Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје бр.05-2860 од 17.03.2008 година – ситниот инвентар чија поединечна набавна цена е помала од 300 евра, во денарска противвредност и чиј корисен век е пократок од 1 година веднаш се признава книговодствено како расход. На ова конто за анализираниот период во 2022 година е отпишан инвентар во износ на 11,456,242.00 денари (ситен инвентар, замена на автогуми на службени возила).

## 2. Набавна вредност на продадени стоки и услуги

| Рб | Елементи | 01-09.2022 | 01-09.2021 | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 494,904 | 230,566 | / |
| | *Вкупно:* | ***494,904*** | ***230,566*** | / |

Набавната вредност на продадени стоки и услуги го опфаќа трошокот од продажба на производите од магацин за извршување на услугите на корисниците околу приклучување кон водов одната и канализациона мрежа. Зголемувањето на овој трошок е резултат само на одлуката на корисниците за купување на потребните материјали за реализирање на потребиот приклучок кон водоводната и канализациона мрежа при што се одлучуваат само фактурирање и добивање на потребните услуги околу реализација на истото.

## 3.Услуги со карактер на материјални трошоци

| Рб | Елементи | Конто | 01-09.2022 | Стр. | 01-09.2021 | Стр | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поштенски услуги,телефонски услуги и интернет | 411 | 5,471,308 | 9.92 | 5,244,166 | 7.98 | 4.33 |
| 2 | Услуги за оджување и заштита | 413 | 39,424,484 | 71.47 | 39,788,408 | 60.51 | -0.91 |
| 3 | Наемнини – лизинг | 414 | 430,683 | 0.78 | 475,272 | 0.72 | -9.38 |
| 4 | Комунални услуги | 415 | 4,845,632 | 8.78 | 4,448,996 | 6.77 | 8.92 |
| 5 | Трошоци за истражување и развој(геодетски елаборат) | 416 | 0 | 0.00 | 20,875 | 0.03 | |
| 6 | Трошоци за рекламирање (електронски медиуми) | 417 | 31,624 | 0.06 | 178,983 | 0.27 | -82.33 |
| 7 | Останати услуги | 419 | 4,957,887 | 8.99 | 15,596,554 | 23.72 | -68,21 |
| | *Вкупно:* | | ***55,161,618*** | ***100%*** | ***65,753,254*** | ***100%*** | **-16.11** |

Во следната табела разграничени се трошоците содржани во ***контото 411***-Поштански, телефонски и интернет услуги:

| Рб | Елементи | 01-09.2022 | 01-09.2021 | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за телефонски услуги (мобилни и фиксни телефони) | 1,342,009 | 1,442,473 | -6.96 |
| 2 | Поштарина | 571,771 | 748,872 | -23.65 |
| 3 | Интернет услуги | 1,307,528 | 1,054,493 | 24.00 |
| 4 | ГПС Други телекомуникациски услуги | 2,250,000 | 1,998,328 | 12.59 |
| | ***Вкупно:*** | ***5,471,308*** | ***5,244,166*** | **4.33** |

Трошоците кои се однесуваат за ПТТ услуги – телефонија, односно вкупниот износ на потрошени импулси, се трошоци во кои е содржан трошокот за фиксна и мобилна телефонија и интернет услуги. Во периодот од 01-09/2022 година трошокот е намален за 6,96% , во однос на периодот од 01-09/2021 година. Трошоци за телефонија (мобилни, фиксни) се намалени за 23,65% , а трошоците за интернет и ГПС услуги бележат зголемување.

***Конто 413*** – одржувањето на пумпите, винклувањето на мотори, услуги за одржување и поправка на просториите, трошоци за ископ на улици и санирање по интервенцијата, одржувањето на компјутерската опрема се книжат на трошокот Услуги за тековно одржување и за анализираниот период се незначително намалени за -0,91%, од интервалот 01-09/2021 година. Во оваа група на трошоци особено место заземаат трошоците за санирање и асфалтирање на прекопите настанати со отстранување на дефектите на водоводната и канализациона мрежа кои се резултат на резултат на зголемена активност околу санирање на истите *(трошоци за одржување на софвери и комјутери , одржување пумпи, сервис на возила како и трошоци за асфалтирање на сообраќајни површини за санирање на дефекти на водоводната мрежа).*

Трошоците евидентирани на ***конто 414***, во анализираниот период 01-09/2022 година намалени се трошоците кои се однесуваат за наем на деловни простории .

***Конто 415***- ги опфаќаат трошоците за ДДД дезинфекција, дезинсекција и дератизација, трошоците за гаражирање возила , оџачарски услуги, депонирање на градежен шут во депонија Дрисла и други комунални услуги. Во периодот од 01-09/2022 година комуналните услуги бележат зголемување за 8,92 %.

***Конто 416***- ги опфаќаат трошоците за изработка на геодетски елаборати за легализација на објектите сопственост на ЈП Водовод и канализација – Скопје како и други елаборати потребни за изработка на проекти од страна на стручните служби во претпријатието и услуги за надворешна обука заеднички проекти со специјализирана фирма во областа .

***Конто 417*** - Трошоци за рекламирање преку електронски медиуми ги содржи трошоците за медиумски соопштенија, презентација на web страна на Ј.П.Водовод и канализација Скопје.

Во продолжение даден е преглед на сите аналитички конта од ***конто 419*** - Останати услуги:

| | *Елементи* | *Конто* | *01-09.2022* | *01-09.2021* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за регистрација на возила | 41901,41902, 41909 | 762,234 | 652,303 | 16.85 |
| 2 | Трошоци за печатење обрасци | 41910 | 24,465 | 0 | / |
| 3 | Електронски потпис | 419120 | 244,701 | 83,330 | / |
| 4 | Печатење на сметки | 419121 | 3,287,244 | 2,374,310 | 38.45 |
